Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 15.12.2019

На 14.12.2019 во 13.30 часот на ул.Влае, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.М.(27) од Скопје, затоа што при извршен претрес во неговиот дом била пронајдена марихуана и две дигитални ваги со остатоци од дрога. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.12.2019 во 22.30 часот на ул.Теодосиј Синаитски, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ф.(25) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.12.2019 во 23.30 часот на ул.Христо Татарчев, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода 17 годишен малолетник од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок

На 15.12.2019 во 00.45 часот на ул.Тодор Александров, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода З.Е.(24) од с.Љубин,скопско, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.12.2019 во 01.25 часот во с.Урвич,тетовско, полициски службеници од Полициско одделение Камењане ги лишиле од слобода А.А.(24) од с.Јеловјане,тетовско и Г.Ј.(19) од с.Урвич, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Одделението за безбедност на сообраќајот при Секторот за внатрешни работи Тетово на 14/15.12.2019 во времето од 22,00 до 04,00 часот спроведе акциска контрола за откривање на возачи кои управувале со возило под дејство на алкохол на подрачјето на Тетово. Притоа санкционирани се 12 возачи кај кои било утврдено присуство на алкохол.

На 14.11.2019 во 22,25 часот на граничен премин „ Богородица " од слобода бил лишен П.П. (21) од Р.Грција поради спречување на службено лице во извршување на службена должност при царинска контрола. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор Богородица за понатамошна постапка.

На 14.12.2019 околу 09.25 часот на локалниот пат с.Јакимово - с.Истибања,виничко товарно моторно возило„фиат добло" со штипски регистарски ознаки управувано од Д.В.(19) од с.Градец,виничко излетало од патот. Во незгодата Д.В. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицинскиот центар во Штип за укажување на лекарска помош.Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициска станица Виница.

Секторот за внатрешни работи Скопје, Единицата за имотни деликти и малолетничка деликвенција–Одделението за имотни деликти и малолетничка деликвенција „Чаир" до ОЈО Скопје ќе поднесе кривична пријава против А.И.(32) од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека извршил кривично дело „кражба" согласно чл.235 од Кривичниот законик. На 31.12.2018 во временскиот период од 14.30 до 15.00 часот на паркинг на ул. „2-ра Македонска Бригада"од патничко моторно возило„мерцедес" со скопски регистарски ознаки сопственост на Х.Ѓ. одзел предмети во вредност од 55.000 денари.

На 15.12.2019 во 01,25 часот на крстосница од бул.„Алексанадар Македонски" и ул.„22-Октомври" во Радовиш патничко моторно возило „лада самара" со радовишки регистарски ознаки, управувано од А.С.(41) од Радовиш, удрило во паркирани патнички моторни возила „фолксваген туарег", ,,фолксваген голф" и ,,фолксваген голф", сите со радовишки регистарски ознаки. По незгодата А.С. бил пренесен во комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди.Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Радовиш.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Е.А.(34) од село Норово поради постоење основи на сомение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 20.08.2019, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во село Норово, при што пронашле и одзеле автоматска пушка калибар 7,62 мм.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Е.О.(48) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". Пријавениот на 13.06.2019 на локален пат во Бедиње, кумановско, без регистрирана дејност, во својство на физичко лице, со товарно возило вршел јавен превоз на огревни дрва по испратници издадени од фирма од с.Гошинце, без при тоа да поседува лиценца за јавен превоз издадена од надлежен орган.

На 14.12.2019 во Полициска станица Центар, А.Д.(38) од с.Стајковци, скопско пријавила дека на ул. Никола Карев нејзината ќерка М.Д. била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

На 14.12.2019 во 06.45 часот на крстосница од бул.„Александар Македонски", ул.„16-та Македонска Бригада" и ул.„Интернационални Бригади" се случила сообраќајна незгода во која учествувале товарно моторно возило, патничко моторно возило „фолксваген туран" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(25) од Скопје, товарно моторно возило, „митцубиши" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.З.(27) од Велес, патничко моторно возило „дачија данкер" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.П.(27) од Скопје, патничко моторно возило„фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.А.(44) од с.Грушино,скопско, патничко моторно возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Т.(62) од с.Миладиновци,скопско и патничко моторно возило„фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Ц.(30) од с.Брњарци,скопско.Во незгодата со тешки телсени повреди се здобила С.Д.(51) од Скопје, сопатник во патничкото моторно возило„фолксваген туран" а кај четворица останати учесници во незгодата биле констатирани телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.12.2019 во 23.20 часот на ул.Партизанска во Штип полициски службеници од СВР Штип ги лишиле од слобода Љ.В(24) од с.Прибачево,кочанско и Б.Т.(20) од с.Ерџелија,светиниколско затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена прашкаста материја, таблети екстази и марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против М.С.(18) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.08.2019 на патот Делчево - Пехчево, кај с.Стар Истевник, делчевско, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Л.(18) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 29.10.2018 на ул.„ Д.Г.Кара" во Тетово полициски службеници извршиле преглед над пријавениот при што пронашле и одзеле марихуана.

На 14.12.2019 во 15,40 часот во СВР Струмица, Ј.Ф.(38) од с.Пиперево,струмичко пријавил дека околу 14,40 часот пред маркет во с.Василево,струмичко по претходна расправија бил физички нападнат од Д.А и неговите три сина.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Ј.Б.(28), К.Д.(30) и Ј.С.(40), сите од с.Габрово, делчевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 16.11.2019 на ул.„Ѓорче Петров" во Делчево, пријавените физички нападнале полициски службеници кои интервенирале по пријава за физички напад извршен од нив врз лицето С.Д..

На 15.12.2019 во 00.25 часот во  Тетово од полициски службеници бил лишен од слобода И.И.(62) од Тетово , поради тоа што на 14.12.2019 во 23.10 часот, А.И од Тетово пријавил дека во неговата куќа на ул.„Јане Сандански" дошол неговиот чичко И.И со секира упатувајќи му закани по неговиот живот.При обид да биде легитимиран од полициски службеници истиот одбивал и ги омаловажувал полициските службеници. За настанот е известен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2019 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред станбен објект на бул. Партизански одреди поради претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.Р.(49) и А.Б.(51) и двајцата од Скопје.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2019 во 17.15 часот во Полициска станица Кавадарци, Г.Ѓ.(36) од Кавадарци пријавил дека околу 16.00 часот во неговата куќа на ул.Сутјеска бил физички нападнат од неговиот чичко Н.Н..Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2019 околу 13,00 часот во Прилеп на ул.„Гостиварска" патничко моторно возило „фолксваген голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Ќ.Е(61) од Прилеп, удрило во малолетник од Прилеп, кој се здобил со тешки телесни повреди и е пренесен во Општата болница Прилеп.Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 14.12.2019 во 21,35 часот во Полициска станица Гостивар, Д.Е.(21) од с, Долна Бањица,гостиварско пријавил дека околу 18,45 часот во спортска сала на ул. ,,Живко Брајкоски,, тој и неговиот брат Е.Е. биле физички нападнат од Џ.И и И.И. од Гостивар.Се преземаат мерки за расчситување на случајот.

На 14.12.2019 во 23.40 часот во Полициско одделение Чегране, М.А.(52) од с.Чегране, пријавил дека околу 20.20 часот во куќа сопственост на М.Б. и Б.Б. во с.Форино поради меѓусебно недоразбирање бил физички нападнат од иститe.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2019 во 15.00 часот С.С.(55) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син С.М.(21).Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 15.12.2019 во 01.20 часот во Полициско одделение Галате, Е.Б.(23) од с.Дебреше пријавил дека на 14.12.2019 околу 23.40 часот во угостителски објект во с.Дебреше по претходна расправија бил физички нападнат од З.И., С.И., Џ.И, Е.И. и З.И сите од с.Дебреше. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2019 во СВР Тетово, А.Ф(37) од с.Палатица,тетовско пријавила дека на 13.12.2019 околу 20,30 часот нејзиниот сопруг З.Ф од с.Палатица ја омаловажувал и и се заканувал со остар предмет. Според пријавеното, заканите кон неа и нивните три деца се повторувале подолг временски период. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)